***Здружение на граѓани:***
***Институт за економски стратегии и меѓународни односи „Охрид”, Скопје***

***Association of citizens:***
***Ohrid Institute for Economic Strategies and International Affairs***

Јануари 23, 2008 год.

# С О О П Ш Т Е Н И Е   З А   Ј А В Н О С Т Т А

**Предмет: Брзото воведување на рамниот данок - од 2008 година, 16 земји со ниска стапка на рамен данок**

Во почетокот на 90тите само една земја, Хонг Конг воведе рамен данок. Следејќи го примерот на Хонг Конг, одтогаш па наваму, се повеќе земји ги воведуваат рамните стапки, и денес вкупно 16 земји го имаат воведено истиот.

Од пред неколку години најновата тенденција е воведувањето на низок рамен данок на ниво од 10-13%. Најниското ниво во текот на последните две години беше воведено во Киргистан, Казахстан и Македонија  и изнесува 10%, а од 2008 година оваа стапка на данок се воведува и во Бугарија. Во 2001 година Русија воведе 13%, а Украина го следеше ова ниво во 2004 година.

Естонија како прва земја во Европа со рамен данок на приход го намалува нивото за 1% годишно, почнувајќи од 21 до 20 проценти во 2008, и има за цел да ја достигне стапката од 18% рамен данок во 2011 година. Литванија го намалува нивото од 27 на 24% во 2008,  а Хонг Конг од 16 на 15%.

| **Стапки на рамен данок во пооделни земји со година на воведување** | | |
|---|---|---|
| Киргистан | 2006 | 10% |
| Казахстан | 2007 | 10% |
| Македонија | 2008 | 10% |
| Бугарија | 2008 | 10% |
| Грузија | 2005 | 12% |
| Макао | 2005 | 12% |
| Русија | 2001 | 13% |
| Украина | 2004 | 13% |
| Хонг Конг | 1947 | 15% |
| Ирак | 2004 | 15% |
| Романија | 2005 | 16% |

| | | |
|---|---|---|
| Словачка | 2004 | 9% |
| Естонија | 1994 | 21% |
| Исланд | 2007 | 23,75% |
| Литванија | 1994 | 24% |
| Летонија | 1994 | 25% |

Глобализацијата и подемот на глобалните странски директни инвестиции ја интензивира конкуренцијата меѓу владите, особено на земјите во развој кои настојуваат да привлечат странски директни инвестиции чијшто директен ефект е намалувањето на невработеноста и зголемувањето на животниот стандард на населението. Како што капиталот и компаниите стануваат се повеќе мобилни, а бизнис климата се повеќе слична, предизвикот да користат даночни олеснувања за привлекување на странските директни инвестиции сé повеќе доби во интензитет, особено кај земјите во развој. И покрај тоа што многу од економските теоретичари не се согласуваат во поглед на прашањето колку е исправно користењето на даночни олеснувања во привлекувањето на странски директни инвестиции, практиката покажа дека токму тие придонесоа да многу од земјите во развој остварат одржлив раст на странските директни инвестиции. Секако дека факторите како инфраструктурата, политичката стабилност, стабилноста на цените, одмерената владина регулација, владеењето на правото, цената на трудот, итн., се важни, но она што денес најмногу влијае во поглед на донесувањето на крајната одлука околу изборот на локација за инвестирање е висината на даночната стапка.

Генерално, постојат четири причини за воведување на рамен данок на доход:

1. рамните стапки се едноставни и фер;
2. промовираат економски развој;
3. промовираат даночна конкуренција;
4. и исто така се неутрални на инфлација.

- изјави г-ѓица Анита Поповска, претседател на Македонската асоцијација на даночни обврзници, администрирана од Институтот за економски стратегии и меѓународни односи “ОХРИД”. Институтот “ОХРИД” инаку е постојан член од 2006 година па навака, на Меѓународната Асоцијација на Даночни Обврзници со седиште во Стокхолм, Шведска.

Еден од најголемите предизвици за македонската влада, особено за фискалните власти е да го претворат македонскиот буџет од социјален во развоен, односно наместо за плати да се издвојуваат повеќе пари за инвестиции. Меѓутоа она на што треба да се внимава е да се одржи стабилноста на буџетот, да се зајакне даночната дисциплина, но и да се подигне свеста кај сите граѓани за потребата од плаќање на данок. Преку даночната реформа, односно 0% данок на реинвестирана добивка како и рамен данок од 10%, ќе се предизвика поголем апсолутен износ на платен данок, а ова сигурно е дека ќе придонесе кон креирање на развоен буџет, односно зголемување на капиталните инвестиции.